SYSTASIS
ISSN 1857-5129
• Е-списание на Здружението на класични филолози „Антика“

**УДК: 347.626.2(37)**

# Брачен договор од Римски Египет (*P.OXY*. X.1273)

**Даниела Тошева**

доцент, МСУ „Г.Р. Државин“, Св. Николе, Битола
насловен доцент, Институт за класични студии
Филозофски факултет, Скопје

toshevadaniela@gmail.com

## АПСТРАКТ

Овој текст претставува кратко претставување на брачните договори од Египет и превод на *P.OXY*. X.1273, еден од многуте предбрачни договори пронајдени во Оксиринх кон крајот на деветнаесеттиот век. Важноста на договорот се состои во тоа што припаѓа на периодот од средината на третиот век, за разлика од другите договори што се претежно од првиот или вториот век од н. е. Тоа значи дека договорот е направен во период кога сите слободни жители во Империјата имаат римско граѓанство, па според тоа треба да содржи елементи што се својствени за римското брачно право. Но, освен гентилните имиња Аврелии и стипулаторната формула, која е вообичаена во договорите, договорот во основа е грчки, не многу различен од оние во периодот на Птолемаидите.

*Клучни зборови: P.OXY. X.1273, брачен договор, римско право, грчки папируси.*

## 1.

Текстот на папирусот *P.OXY*. X.1273, чиј превод следува, претставува брачен договор од Оксиринх, кој датира од 28. 01. 260 г. Годината, но и имињата на лицата наведени во договорот укажуваат

дека се работи за лица со правна способност на римските граѓани (*status civitatis*). Имено, во 212 г. е издаден познатиот Едикт на Каракала (*Constitutio Antoniniana*) со кој сите слободни граѓани во Империјата стекнуваат римско граѓанство[1]. Од областа на приватното право, потписниците на овој договор имаат право на склучување правовалиден римски брак – *ius connubii*. Што се однесува до имињата, забележително е, не само во овој договор, но општо во папирусите што се датираат по 212 г., дека е многу често римското *nomen gentilicium* Aurelius[2], што е уште еден показател за римско граѓанство. Правото на трите имиња (*praenomen, nomen gentilicium, cognomen*) е во содржината на *status civitatis* и се однесува на сите категории граѓани. Сите тие што имаат име Aurelius или Aurelia припаѓаат на една нова класа римски граѓани, иако тие самите не се сметаат за Римјани, како што може да се види од документите. Во прилог на ова е двојноста на имињата – покрај задолжителното римско име, секоја личност има и друго име (грчко или египетско), кое реално го користи.

Самиот договор укажува на грчки тип договор, кој се користи уште во времето на Птолемаидите во Египет и кој се разликува од одредбите во римската правна теорија. Договорот слободно може да се нарече брачен, а не предбрачен, бидејќи е очигледно дека склучувањето на бракот веќе се случило и дека не е потребна правна формалност за тој дел. Тоа е исто како договорите за развод, кои се склучуваат post festum, кога мажот и жената веќе се разделе, а со договорот потврдуваат дека обврските со враќање на миразот се извршени и дека поранешните брачни сопружници си дозволуваат повторно да влезат во друг брак.

## 2.

Договорот се состои од четири делови, кои се вообичаени и за другите договори за брак. **Првиот дел** се нарекува *предавање* – *ἔκδοσις*, кој вообичаено започнува со благословот *ἀγαθῇ τύχῃ*. Според грчкото право, жената можела да стапи во брак на два

[1] Треба да се има предвид дека содржината на римското граѓанство е различна за различни категории граѓани.

[2] Според императорот Marcus Aurelius Antoninus.

начина: преку *ἔκδοσις*, ако има татко или друг машки роднина во улога на нејзин господар – *κύριος*, или како единствена наследничка – *ἐπίκληρος* што значи дека на девојката/жената што треба да стапи во брак татко ѝ е починат и нема машки наследник на имотот; според тоа, таа е единствениот наследник. За да може да го пренесе имотот на машка страна, таа мора да се омажи за најблискиот роднина од таткова страна, вообичаено нејзиниот стрико[3]. Причината за предавањето е дадена на почетокот од овој дел, а тоа е заради склучување брак (πρὸς γάμον). Текстот е напишан во минато време, имено девојката веќе е предадена: ἐξέδοτο, а во договорот останува да се направи попис на миразот што влегува во бракот и да се утврдат одредени правила. Во овој дел се претставуваат и договорувачите, односно оној што дава и оној што прима. Оној што дава е мајката на невестата, што значи дека има *ius liberorum*, кое им се гарантира на сите жени што родиле три деца со *Lex Iulia de maritandis ordinibus* и *Lex Papia Poppaea*. Овој закон им гарантира на жените дека по смртта на мажот веќе не мора да бидат под туторство (tutela mulierum). Мајката е наречена *ἐκδότις* – *таа што предава* и се вика Аврелија Таесида. Но, поради нејзината неписменост, како што е наведено на крајот од документот, таа има придружник – *συνεστώς*, Аврелиј Теон, кој се потпишува во нејзино име. Тука се наведени и имињата на невестата и на младоженецот: Аврелија Тавсирида и Аврелиј Арсиној. Истото гентилно име не укажува на инцестуозен брак, но, како што беше речено погоре, е показател за статусот.

Во **вториот дел** следува попис на миразот, кој го дава мајката, а во друг случај таткото или друг *κύριος*. Во голем број брачни договори девојката се дава самата себе, и тоа не е невообичено дури и во хеленистичкиот период на територијата на Египет за бракови склучени меѓу грчко население. Миразот што го дава мајката е подвижен имот: накит и некои облеки.

Пописот на миразот е нужен поради следната клаузула во договорот, која изнесува обврски во случај на развод. Тоа е **третиот дел** од договорот. Причината за развод е општа: ἐκ διαφορᾶς ἀπαλλαγὴ τῶν γαμούντων γένηται, не се прецизира кои се

[3] Спореди Менандар *Сикионец*.

правните причини за можен развод на бракот. Всушност, сите брачни договори во папирусите се едногласни дека, ако се случи развод, жената треба да го добие назад миразот. Но во ниеден од договорите не е наведено од кои причини се дозволува развод и дали жената може да го задржи својот мираз доколку бракот е разведен по нејзина желба. Но, правните причини за развод на бракот стануваат строго утврдени дури со Законот на Константин од 331 г., кој се цитира во Кодексот на Теодосиј (*Cod. Theod.* 3.16. 1, 331). Според овој договор, не се предвидува невестата да го земе назад миразот во случај на развод на брак, туку оној што го дал, а во овој случај тоа е нејзината мајка. Во договорот се прецизира, но тоа е општо правило, ако мајката умре, тогаш миразот треба да ѝ се врати на ќерката, во рок од шеесет дена. Жената исто така е заштитена и во случај да биде трудна кога се случува разводот, а тоа е еднократен паричен надоместок од 40 драхми. Воопшто не се спомнува издршка, алиментација, бидејќи тоа е институција што се регулира во подоцнежното право.

Последниот, **четвртиот дел** од договорот е согласноста (*ὁμολογία*) на содоговорувачите. Тие даваат изјава дека се согласуваат и притоа се потпишуваат. Првата изјава ѝ припаѓа на мајката Аврелија Таесида, но бидејќи таа е неписмена, во нејзино име пишува нејзиниот придружник Аврелиј Теон, кој непосредно дава изјава дека пишува во нејзино име поради нејзината неписменост. Последната изјава му припаѓа на младоженецот Аврелиј Арсиној, кој потврдува дека го примил миразот што е наведен и се согласува со условите наведени во договорот.

## 3. Текст

ἀγαθῇ τύχῃ. ἐξέδοτο Αὐρηλία Θαῆσις Εὐδαίμονος μητρὸς Ἡραΐδος ἀπ᾽ Ὀξυρύγχων πόλεως μετὰ συνεστῶτος Αὐρηλίου Θέωνος τοῦ καὶ Νεπωτιανοῦ καὶ ὡς χρημα(τίζει) τὴν ἑαυτῆς θυγατέραν Αὐρηλίαν Ταυσεῖριν πρὸς γάμον ἀνδρὶ Αὐρηλίῳ Ἀρσινόῳ Τρύφωνος μητρὸς Δημητρίας ἀπὸ τῆς αὐτῆς πόλεως, ᾧ προσφέρει ἡ αὐτὴ ἐκδότις ἐπὶ τῇ αὐτῇ θυγατρὶ αὐτῆς καὶ γαμουμένῃ ἐν φερνῇ χρυσοῦ κοινοῦ σταθμῷ Ὀξυρυγχιτικῷ περιτραχήλιον μανιάκην καλούμενον ἔχον λίθον ὁλκῆς χωρὶς τοῦ [λί]θ[ο]υ τετάρτων δεκατριῶν, ἁπτώδιον ἔχον λίθους πέντε περικεχρυσωμένους ὁλκῆς

χωρὶς τῶν λίθων τετάρτων τεσσάρων, ἐνωτίων ζεῦγος ἔχον πίνας δέκα ὁλκῆς χωρὶς τῶν πινῶν τετάρτων τριῶν, δακτυλίδιον μικρὸν τετάρτης ἡμίσους, καὶ ἐν ἱματίοις ἐν συντιμήσει δελματικομαφόρτην ἀργέντινον ἔνσημον δραχμῶν διακοσίων ἑξήκοντα, χιτώνιον λευκὸν μοναχὸν κροσ<σ>ωτὸν ἔνσημον δραχμῶν ἑκατὸν ἑξήκοντα, δελματικομαφόρτην καλλάινον δραχμῶν ἑκατόν, ἕτερον δελματικομαφ[ό]ρ[τ]ην λευκὸν προπόρφυρον δραχμῶν ἑκατόν, ὡς εἶναι ἐπι τὸ αὐτὸ τὴν ὅλ̣ην φερνὴν χρυσοῦ κοινοῦ μναιαῖον ἓν τετάρτας τέσσαρας ἥμισυ καὶ συντιμήσεως ἱματίων δραχμὰς ἑξακοσίας εἴκοσι, πάντα κεφαλαί[ο]υ οἷς οὐδὲν προσεγράφη, περὶ ἧς προκειμένης φερνῆς ἐπ[ε]ρωτηθεὶς <ὑπὸ> τῆς ἐκδότιδος Αὐρηλίας Θαήσιος ὡμολόγησεν ὁ γαμῶν Αὐρή[λιος] Ἀρσίνοος ἐσχηκέναι ἀριθμοῦ πλήρεις ἐπὶ τοῦ προκειμένου σταθμ[οῦ κ]αὶ συντιμήσεως. συνβιούτωσαν οὖν ἀλλήλοις οἱ γαμοῦντες ἀμέμπτως φυλάσσοντες τὰ τοῦ γάμου δίκαια, ὁ δὲ γαμῶν ε.[..]. χορηγεί̣[τω] τῇ γυναικὶ τὰ δέοντα πάντα κατὰ δύναμιν. ἐ[ὰν δ]έ, ὃ [μὴ ε]ἴη, ἐκ διαφορᾶς ἀπα[λλαγὴ τῶν γ]αμούντων γένηται, ἀπ[οδότω] ὁ γαμῶν τῇ ἐκδότιδι, [ἐὰν περιῇ, εἰ δ]ὲ μή, τῇ γαμουμένῃ, τὴ[ν π]ρ[οκει]μένην φερνὴν π[λήρη ἐν ἡμέρ]αις ἑξήκοντα ἀφ᾽ ἧς ἐὰν α[ἴτη]μα γένη̣ται, τὰ μὲν χρυσία κατ᾽ ἀ[ρ]ι̣[θμη]σιν τοῦ ἐφ᾽ ἑκάστου σταθμοῦ, ἐπὶ δὲ τῶν ἐπὶ συντιμήσεως ἱματίων αἵρεσις ἔσται περὶ τοὺς περὶ τὴν γαμουμένην ἔχειν αὐτὰ τῆς τότε ἐσομένης αὐτῶν συντιμήσεως καὶ λαβεῖν [τ]ὸ ἐνδέον ἐν ἀρ[γ]υρίῳ ἢ αὐτὴν τὴν προκειμένην συντίμησιν, καὶ [τ]ὴν τούτων πάντων τρίψιν καὶ ἀπουσίαν εἶναι πρὸς τὸν γαμοῦντα. [ἐὰ]ν [δὲ] καὶ ἐπὶ τῆς ἀπαλλαγῆς ἐγκυος ᾖ ἡ γαμουμένη, δότω αὐτῇ ὁ γαμῶν εἰς λόγον δαπάνης λοχείας δραχμὰς τεσσαράκοντα. ἐπὶ δὲ τῆς ἀπαιτήσεως τῆς πρ[ο]κειμένης φερνῆς ἡ πρᾶξις ἔσται τοῖς περὶ τὴν γαμουμένην παρά τε τοῦ γαμοῦντος καὶ ἐκ τῶν ὑπαρχόντων αὐτῷ πάντων. κυρία ἡ συνγραφὴ δισσὴ [γρα]φεῖσα πρὸς τὸ ἑκάτερον ἔχειν μοναχόν, ἥνπερ ὁπη-νίκα ἐὰν αἱρῶνται ἢ καί τις αὐτῶν δημοσιώσει διὰ τοῦ καταλογείου οὐ προσδεόμενος τῆς τοῦ ἑτέρου μεταλήμψεως οὐδὲ ἑτέρας εὐδοκήσεως διὰ τὸ ἐντεῦθεν εὐδοκεῖν τῇ ἐσομένῃ δημοσιώσει, περὶ δὲ τοῦ ταῦτα ὀρθῶς καλῶς γείνεσθαι ἀλλήλους ἐπερωτήσαντ[ε]ς ὡμολόγησαν. (ἔτους) ζ̣ Αὐτοκρατόρων Καισάρων Πουπλίου Λικιννίου Οὐαλεριανοῦ καὶ Πουπλίου Λικι[νν]ί[ο]υ Οὐαλεριανοῦ Γαλλιηνοῦ Γερμανικῶν Μεγίστων Εὐσεβῶν Εὐτυχῶν καὶ Π[ο]υπλ[ίο]υ Λικιννίου Κορνηλίου Σαλωνείνου Οὐαλεριανοῦ τοῦ ἐπιφανεστάτου Καίσ[αρ]ος

Σεβαστῶν Μεχεὶρ β Αὐρηλία Θαῆσις ἐξεδόμην τὴν θυγατέραν μου πρὸς γάμον τῷ προτεταγμένῳ Ἀρσινόῳ καὶ προσήνεγκα αὐτῷ τὴν προκειμένην φερνὴν ὡς πρόκειται καὶ ἐπερωτηθεῖσα ὡμολόγησα. Αὐρήλιος Θέων ὁ καὶ Νεπωτιανὸς συνέστην αὐτῇ καὶ ἔγραψα ὑπὲρ αὐ[τ]ῆς μὴ εἰδυίης γράμματα. Αὐρήλιος Ἀρσίνοος [ἔσ]χον τὴν {την} προκειμένην φερνήν καὶ ἐάν, ὅ μὴ εἴη, ἀπαλλαγὴ γένηται, ἀποδώσω ὡς πρόκειται καὶ ἐπε[ρ]ωτηθεὶς ὡμολόγησα.

## 4. Превод на текстот

За добра среќа. Аврелија Таесида, ќерка на Евдајмон, од мајка Хераида, од градот Оксиринх, во придружба (μετὰ συνεστῶτος) на Аврелиј Теон, кој се служи и со името Непотијан, му ја предаде (ἐξέδετο) својата ќерка Аврелија Тавсирида во брак на Аврелиј Арсиној, [да ѝ биде] маж, [кој е] син на Трифон, од мајка Деметрија, [и потекнува] од истиот град. Истата жена што предава (ἐκδότις) [Аврелија Таесида] нему му донесува во мираз (ἐν φερνῇ), за именуваната нејзина ќерка што ја мажи, стандардно злато според критериумот на Оксиринх: ланче наречено манијака што има камен, а без каменот тежи тринаесет четвртини, брош со пет камења во злато ставени, што тежи без камењата четири четвртини, пар обетки што имаат десет бисери и тежина без бисерите три четвртини, мал прстен со тежина пола четвртина. А во облека, чија вредност се проценува, [му дарува]: со сребро обрабен далматински вел вреден двесте и шеесет драхми, бел мал хитон од едно платно со ресички вреден 160 драхми, далматински вел синозелен вреден сто драхми, уште еден далматински вел бел со пурпурен раб вреден сто драхми, така што сиот мираз вреди една мина, четири четвртини и половина од стандардно злато, а вредноста на облеката е 620 драхми, на кои не е допишана вредност. А за изложениот мираз, кога дарителката Аврелија Таесида го праша младоженецот Аврелиј Арсиној, тој се согласи дека го добил целосниот број во согласност со претходно наведената тежина и вредност.

Нека живее венчаната двојка заедно, беспрекорно чувајќи ги правата на бракот, а младоженецот нека ... обезбедува за жената сѐ што е потребно според [неговата] можност. Но, ако има, а дај боже да нема, разделување на венчаните поради несогласување, тогаш мажот треба да ѝ го врати предложениот мираз на дарителката

[Аврелија Таесида – мајката], ако е жива, ако не е, на жената [Аврелија Тавсирида], во рок од шеесет дена откако ќе се поднесе барањето, златните работи според пресметувањето на тежината на секој предмет, а за облеките, чија вредност е пресметана, оние од страната на невестата ќе имаат избор или да ги поседуваат за вредноста што ќе ја имаат во тоа време и да земат цена во сребро, или да ја прифатат веќе пресметаната сума, така што младоженецот ќе има одговорност за носење и уништување на сите наведени работи.

Ако за време на разделувањето [на бракот] невестата е трудна, мажот е должен да ѝ даде за трошоците околу породувањето 40 драхми. Во врска со враќањето на веќе спомнатиот мираз, оние од страната на невестата ќе имаат право на судска постапка (πρᾶξις) против младоженецот и за неговиот имот.

Овој договор, кој е напишан во два примерока за да може секоја странка да има по еден примерок, е правно валиден. А кога и да одберат, обајцата или еден од нив, без обврска да учествуваат и двете страни, можат да го објават договорот носејќи го во јавната архива и со тоа се согласни за негово јавно објавување. Кога беа прашани дали сметаат дека овие работи се направени правилно и добро, тие се согласија.

Во седмата година од владеењето на императорите и кајсарите Публиј Ликиниј Валеријан и Публиј Ликиниј Валеријан Галиен, Германи, [кои се] најдобри, побожни и среќни, како и Публиј Ликиниј Корнелиј Салонин Валеријан, најзначајниот Кајсар, божествени [императори], на втори мехејр[4].

[*со втора рака*] Јас, Аврелија Таесида, ја давам мојата ќерка во брак со веќе спомнатиот Арсиној и за таа цел му го донесов веќе спомнатиот мираз и во одговор на спомнатиот договор се согласувам. Јас, Аврелиј Теон, наречен исто така Непотијан, сум нејзин придружник и пишувам место неа, зашто не ги познава буквите.

[4] Овој египетски месец соодветствува на периодот од 26 јануари до 24 февруари. Годината на владеењето на императорите Валеријан и Галиен е 260 г.

[*со трета рака*] Јас, Аврелиј Арсиној, го добив веќе спомнатиот мираз и, ако се случи развод, а дај боже да не се случи, јас ќе го вратам како што е забележано претходно и се согласувам за договорот.

## Библиографија


Grubbs, J. E. (2002), *Women an d Law in the Roman Empire: A sourcebook on Marriage, Divorce and Widowhood*, Routlegde, London – New York.

Mousourakis, G. (2015), *Roman Law and the Origins of the Civil Law Tradition*, Springer International Publishing Switzerland.

Gagarin, M. and Cohen, D. (eds.) (2005). *The Cambridge Companion to Ancient Greek Law*, Cambridge University Press, Cambridge.

*The Oxyrhynchus Papyri* (1914), Vol. X. ed. with translation and notes by B. P. Grenfell, A. S. Hunt, London.


# Marriage contract from Roman Egypt (*P.OXY*. X.1273)

## SUMMARY


**Daniela Tosheva**

toshevadaniela@gmail.com



*Key words: P.OXY. X.1273, marriage contract, Roman law, Greek papyri.*



This paper is a brief introduction into the Graeco-Roman Marriage Contract material, and translation of *P.OXY*. X.1273. The text itself is interesting because it is dated later than the other marriage documents at Oxyrrhynchus. It belongs to the middle of the third century, when all free inhabitants of the Roman Empire gained *status civitatis*. This fact

implies that the marriage contract should be conducted according to Roman law. However, except for the *nomina gentilicia* and the stipulatory formula, the contract is in essence of Greek type, not very different from the ones that belong to the previous epoch.